Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2026 Сеп 25; 6:29-30.
https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6883
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2026 - „ТРЕНДОВИ ВО ЕНДОДОНЦИЈАТА“*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Реанимација и ургентни состојби во дентална медицина

Жаклина Менчева[1,2*], Силвана Кралева[3]

[1]ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; [2]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија; [3]Одделение за анестезиологија и интензивна нега, ГОБ „8 Септември“, Скопје, Северна Македонија

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Менчева Ж, Кралева С: Реанимација и ургентни состојби во дентална медицина. Макед Мед Електр С. 2026 Сеп 25; 6:29-30. https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6883
Клучни зборови: ургентни состојби; стоматолошка пракса; безбедност на пациентот; Basic Life Support (BLS); синкопа; анафилакса; хипогликемија; симулациска обука; итни интервенции.
***Кореспонденција:** Жаклина Менчева, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија. E-mail: zaklina.menceva@dm.mit.edu.mk
Примено: 11-Авг-2026
Ревидирано: 01-Сеп-2026
Прифатено: 20-Сеп -2026
Печатарски права: © 2026 Жаклина Менчева, Силвана Кралева.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

ВОВЕД: Ургентните и потенцијално животозагрозувачки состојби можат да се појават ненадејно и во секојдневната стоматолошка пракса. Навременото препознавање на состојбата, правилната иницијална проценка и брзото и организирано реагирање се од суштинско значење за безбедноста на пациентот. Целта на работилницата е преку интерактивен и симулациски пристап да им овозможи на стоматолозите да ги унапредат своите знаења, практични вештини и подготвеност за справување со итни состојби во стоматолошката ординација.

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ: Во теоретскиот дел ќе бидат презентирани основите на проценката и иницијалното менаџирање на пациентот во ургентни состојби, со посебен осврт на препознавањето и постапувањето при синкопа, анафилакса и хипогликемија. Ќе бидат разгледани современите алгоритми за Basic Life Support (BLS), принципите на навремено активирање на итната медицинска помош и правилната организација и координација на стоматолошкиот тим при итни ситуации.

ПРАКТИЧЕН ДЕЛ: Практичниот дел е насочен кон стекнување и унапредување на конкретни клинички вештини преку демонстрации, работа на модели и симулатори, интерактивни вежби во мали групи и реалистични клинички сценарија. Учесниците ќе практикуваат брза клиничка проценка, примена на BLS алгоритми, воспоставување периферен венски пристап, венепункција на модели, апликација на интрамускулна терапија и изведување основни итни интервенции во симулирани клинички услови. Посебен акцент ќе биде ставен на тимската работа, комуникацијата и донесувањето брзи и соодветни клинички одлуки.

ЗАКЛУЧОК: Интегрирањето на теоретското знаење со практична обука и симулација овозможува стоматолозите да развијат поголема сигурност и подготвеност за реагирање во ургентни ситуации. Стекнувањето на практични вештини за навремено препознавање и иницијално менаџирање на итните состојби придонесува кон поголема безбедност на пациентите и повисоко ниво на професионална подготвеност во секојдневната стоматолошка пракса.

Resuscitation and Emergency Conditions in Dental Medicine

Zaklina Menceva[1,2]*, Silvana Kraleva[3]

[1]University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; [2]Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia; [3] Department of Anesthesiology and Intensive Care, City General Hospital "8th September", Skopje, North Macedonia

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Menceva Z, Kraleva S. Resuscitation and Emergency Conditions in Dental Medicine. Maced Med Electr J. 2026 Sep 25; 6:29-30. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6883
Keywords: emergency conditions; dental practice; patient safety; Basic Life Support (BLS); syncope; anaphylaxis; hypoglycemia; simulation-based training; emergency interventions.
***Correspondence:** Zaklina Menceva, University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia.
E-mail: zaklina.menceva@dm.mit.edu.mk
Received: 11-Aug-2026
Revised: 01-Sep-2026
Accepted: 20-Sep-2026
Copyright: © 2026 Zaklina Menceva, Silvana Kraleva.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

INTRODUCTION: Urgent and potentially life-threatening conditions may occur unexpectedly in everyday dental practice. Timely recognition of the condition, appropriate initial assessment, and rapid and organized response are essential for patient safety. The aim of this workshop is to provide dentists, through an interactive and simulation-based approach, with the opportunity to improve their knowledge, practical skills, and preparedness for managing medical emergencies in the dental office.

THEORETICAL PART: The theoretical part will cover the principles of patient assessment and initial management in emergency situations, with particular emphasis on the recognition and management of syncope, anaphylaxis, and hypoglycemia. Current Basic Life Support (BLS) algorithms, the principles of timely activation of emergency medical services, and the appropriate organization and coordination of the dental team during emergency situations will also be discussed.

PRACTICAL PART: The practical part is focused on acquiring and enhancing specific clinical skills through demonstrations, hands-on work with models and simulators, interactive small-group exercises, and realistic clinical scenarios. Participants will practice rapid clinical assessment, application of BLS algorithms, establishment of peripheral intravenous access, venipuncture on models, administration of intramuscular therapy, and performance of basic emergency interventions under simulated clinical conditions. Particular emphasis will be placed on teamwork, communication, and making rapid and appropriate clinical decisions.

CONCLUSION: Integrating theoretical knowledge with practical training and simulation enables dentists to develop greater confidence and preparedness for responding to emergency situations. Acquiring practical skills for the timely recognition and initial management of medical emergencies contributes to enhanced patient safety and a higher level of professional preparedness in everyday dental practice.